# Извадок од Заклучоците на Претседателството на Европскиот совет во Брисел 17.12.2005

## X. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА [1]

23 Европскиот совет го поздравува мислењето на Комисијата за апликацијата на Република Македонија за членство во ЕУ. Советот го поздравува и значителниот напредок што го направи Република Македонија во насока на исполнување на политичките критериуми поставени од Европскиот совет во Копенхаген во 1993 година и барањата од Процесот за стабилизација и асоцијација поставени од Советот во 1997 година.

24. Имајќи ја предвид анализата на Комисијата, Европскиот совет одлучи да и додели кандидатски статус на Република Македонија, земајќи го во вид особено значителниот напредок направен со заокружувањето на законодавната рамка поврзана со Охридскиот рамковен договор, како и нејзините постигања во спроведувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација (вклучувајќи ги и трговските одредби) од 2001 година.

25 Европскиот совет појаснува дека натамошните чекори ќе се разгледуваат земајќи ги при тоа предвид: дебатата за стратегијата за проширување, како што е тоа утврдено во Заклучоците на Советот на 12 декември 2005 година, исполнувањето на политичките критериуми од Копенхаген од страна на Република Македонија; барањата на Процесот за стабилизација и асоцијација и ефективното спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација; како и потребата од натамошен значителен напредок за да се одговори на другите прашања и критериуми за членство содржани во Мислењето на Комисијата и спроведувањето на приоритетите од Европското партнерство, врз основа на определени показатели. Апсорпциониот капацитет на Унијата исто така мора да се земе предвид. Европскиот совет ја поканува Комисијата да известува за развојот на настаните во идните извештаи за напредокот.

---

[1] Секретаријатот за европски прашања интервенираше во текстот при што референцата “Former Yugoslav Republic of Macedonia” е заменета со уставното име “Република Македонија”